ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**До**
**Центар за економски анализи,**
**Бул. Јане Сандански 63/3**
**1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**
Врска / Барање наш бр. 18-1130 /1, 20.04.2021г.

Почитувани,

Постапувајќи по Вашето Барање бр. 18-1130/1,согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019),, примено на ден 19.04.2021. со кое барате информации за јавна достапност на буџетски документи, финансиски и други извештаи и документи на Општина Крива Паланка.

Во продолжение на писменото Ви ги доставуваме бараните информации за 10-те точки од Барањето бр. 18-1130/1, 20.04.2021г. и тоа:

- **Информација за точка 1 од барањето:**

Предлог буџетот на Општина Крива Паланка е објавен на веб страната на Општина Крива Паланка.
линк: https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2021/01/IV-Struktura-na-Budzetot-2020.1.pdf

- **Информација за точка 2 од барањето:**

Кварталните извештаи на буџетот за 2020 година ( за првиот, вториот, третиот и четвртиот) квартал, се објавени на веб страната на Општина Крива Паланка.
**линк:**
https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2020/06/K1_I_2020.pdf
https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2020/06/K2_I_2020.pdf
https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2020/06/K3_I_2020.pdf
https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2020/09/K1K2-K3_II.pdf
https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2021/02/Kvartalen_izvestaj_III_kvartal-2020.pdf
https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/ 2021/02/ Kvartalen_izvestaj__IV_2020.pdf

- **Информација за точка 3 од барањето:**

Почитувани во прилог Ви ги доставуваме извештаите на државниот завод за ревизија, за извршените контроли во изминатиот период. Државниот завод за ревизија има правено истражување за општините преку прашалник и анализа на веб страниците на општините како и во делот на ефективност на мерките и активностите за издавање на Б – интегрираните дозволи,,но извештаите се уште се во фаза на нацрт и како финална информација не ги поседуваме.

- **Информација за точка 4 од барањето:**

Форумите како форма на дирекно и непосредно учество на граѓаните во одлучувачките процеси во локалната заедница се редовна практика на општината од 2011 година наваму, како за информација во 2019 година, општина Крива Палака, реализираше повеќе видови на форуми тематски, проектни и буџетски:
(Бизнис-форум на тема „Искористување на сите инструменти до подобар економски перформанс и зголемување на локалниот економски раст"; Форум на тема „Активни млади и партиципативна демократија со предлози, идеи и иницијативи за подобрување на квалитетот на живот на млади на локално ниво", Форум за развој на културата; Проектен форум ,,проекти за социо економски развој на општината; и Буџетски форум во делот на подготовка на буџетот за 2020 година.) Соочени со предизвиците од мининататата година и функционирајќи во услови на пандемија, почитувајќи ги ковид мерките на Владата на Р.С.Македонија, водејќи сметка за заштита на здравјето како на вработените во општината исто и на граѓаните, формата на консултирање и вклучување на граѓаните во програмските и буџетски активности на општината преку нивно дирекно учество на граѓаните на форумски сесии како општина одлучивме да не ја практицираме. Но се обидовме да изнајдеме алтернативни начини на комуникација, така да при програмското и буџетското планирање на буџетот за 2021 година, предлог програмите беа ставени на увид на јавноста на веб страната на општината и по истите граѓаните моежеа да ги дадат своите збелешки но и нивни видувања и предлози.

- **Информација за точка 5 од барањето:**

Во општината администрирањето на локални даноци е дел од Одделението за финансиски прашања, во Секторот за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој.

- **Информација за точка 6 од барањето:**

Стратегија за управување со ризици општината нема донесено.

- **Информација за точка 7 од барањето:**

Седниците на Советотна Општината се отворени за граѓаните. До појавата на пандемијата до минатата година имаше редовно присуство на граѓани, но со ескалација на ковид состојбата во општината, присуството на граѓани на седниците на советот изостанува.

- **Информација за точка 8 од барањето:**

Седниците на Советотна Општина Крива Паланка се најавуваат секогаш редовно преку веб страницата на Општината со информација за датумот, часот и дневниот ред за седницата на советот (датумот на известувањето за предстојна седница е 7 дена пред датумот на одржување на седницата) и преку социјалните медиуми кои ги користи општината. За јавните расправи граѓаните се информираат со известувања на веб страницата, социјалните медиуми, огласните табли во општината и поставување на печатени сопштенија на јавни и фреквентни места во градот и селата.

- **Информација за точка 9 од барањето:**

  Пракса за организирање на јавна расправа по завршната сметка на општината немаме. Расправата по завршната сметка се води на седница на Советот на Општината. Седниците на Советот на Општината директно се пренесуваат преку веб страницата на Општината.

- **Информација за точка 10 од барањето:**

  Како што веќе спомнавме на седниците на Советот на општината во изминатите години секогаш има присутво на заинтересирани граѓани, се до појавата на

пандемијата. На седницата на која се раправаше и усвои завршната сметка на Општината за 2020 година немаше присутни граѓани.

Бараната информација Ви ја доставуваме на начин наведен во барањето.

Со почит!

Место и датум : 22.04.2021г.
Крива Паланка

...................................................................
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Лидија Митовска**

..................................................................................
**Борјанчо Мицевски**
**Градоначалник на Општина Крива Паланка**
**одговорно лице**